IT-04-82-A 4/2226 QUATER
A4 - 1/2226 QUATER
17 May 2010 SMS

**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82-А
Датум: 5. мај 2010
Оригинал: англиски

**ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ**

**Пред:** **Судија Патрик Робинсон, Претседавач**
**Судија Мехмед Гунеј**
**Судија Лиу Дакун**
**Судија Андресија Ваз**
**Судија Теодор Мерон**

**Секретар:** **г. Џон Хокинг**

**Датум на налог:** **5. мај 2010**

**ОБВИНИТЕЛОТ**
**против**
**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

***ЈАВНО***

# НАЛОГ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЈАВНА РЕДАКТИРАНА ВЕРЗИЈА НА ПОВЛЕКУВАЊЕТО НА БАРАЊЕТО ДО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ОД 22 ДЕКЕМВРИ 2009

**Канцеларијата на Обвинителот:**
г. Пол Роџерс

**Бранители на Љубе Бошкоски:**
г-ѓа Едина Решидовиќ
г. Гуенел Метро

**Бранители на Јохан Тарчуловски**
г. Алан М. Дершовиц
г. Натан З. Дершовиц
г. Антонио Апостолски
г. Јордан Апостолски

**Поранешна југословенска република Македонија**
*преку* Амбасадата на поранешната југословенска република Македонија во Холандија, Хаг

**Соединети Американски Држави**
*преку* Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Холандија, Хаг

**ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ** на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Жалбен совет и Меѓународен суд);

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** налогот издаден доверливо од Жалбениот совет на 19. јануари 2010, во којшто го повлекува своето барање до Соединетите Американски Држави за доставување на „Решението по поднесокот на Бошкоски за итни налози во врска со обелоденување на доверлив материјал" на 22. декември 2009 до еден медиум (понатаму во текстот: Налог);

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека некои од информациите кои се содржани во Налогот остануваат доверливи;

**СО ОВА ИЗДАВА** јавна редактирана верзија на Налогот.

Составено на француски и на англиски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 5. мај 2010,
Во Хаг
Холандија

(своерачен потпис)
Судија Патрик Робинсон
Претседавач

**[Печат на Меѓународниот суд]**

**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: | ИТ-04-82-А |
| | Датум: | 19. јануари 2010 |
| | Оригинал: | англиски |

**ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ**

**Пред:** **Судија Патрик Робинсон, Претседавач**
**Судија Мехмед Гунеј**
**Судија Лиу Дакун**
**Судија Андресија Ваз**
**Судија Теодор Мерон**

**Секретар:** **г. Џон Хокинг**

**Датум на поднесување:** **19. јануари 2010**

**ОБВИНИТЕЛОТ**
**против**
**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

***ЈАВНА РЕДАКТИРАНА ВЕРЗИЈА***

# ПОВЛЕКУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ДО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА „РЕШЕНИЕТО ПО ПОДНЕСОКОТ НА БОШКОСКИ ЗА ИТНИ НАЛОЗИ ВО ВРСКА СО ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ НА ДОВЕРЛИВ МАТЕРИЈАЛ“ ОД 22 ДЕКЕМВРИ ДО [РЕДАКТИРАНО]

**Канцеларијата на Обвинителот:**
г. Пол Роџерс

**Бранители на Љубе Бошкоски:**
г-ѓа Едина Решидовиќ
г. Гуенел Метро

**Бранители на Јохан Тарчуловски**
г. Алан М. Дершовиц
г. Натан З. Дершовиц
г. Антонио Апостолски
г. Јордан Апостолски

**Поранешна југословенска република Македонија**
*преку* Амбасадата на поранешната југословенска република Македонија во Холандија, Хаг

**Соединети Американски Држави**
*преку* Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Холандија, Хаг

**ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ** на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Жалбен совет и Меѓународен суд);

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во „Решението по Поднесокот на Бошкоски за итни налози во врска со обелоденување на доверлив матеијал", издадено доверливо од страна на Дежурниот судија на 22. декември 2009 (понатаму во текстот: Решение), Дежурниот судија, покрај другото, ги замолува „релевантните власти на Соединетите Американски Држави без одлагање да го достават ова решение до [РЕДАКТИРАНО], и без одлагање да достават писмен извештај како потврда за доставувањето или опис на напорите направени да се стори тоа";[1]

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во „Одговорот од Соединетите Американски Држави на Решението по Поднесокот на Бошкоски за итни налози во врска со обелоденување на доверлив материјал", поднесен доверливо на 31. декември 2009 од старана на претставник на Соединетите Американски Држави (понатаму во текстот: Одговор од Соединетите Американски Држави), Дежурниот судија се известува дека [РЕДАКТИРАНО] доброволно го отстраниле материјалот од од нивната интернет страница и дека тој материјал не е повеќе достапен;[2]

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека повеќе не е потребно Соединетите Американски Држави да го достават Решението до [РЕДАКТИРАНО], ниту да достават писмен извештај како потврда за доставувањето или опис на напорите направени да се стори тоа;

**СО ОВА ГО ПОВЛЕКУВА** барањето до релевантните власти на Соединетите Американски Држави без одлагање да го достават решението до [РЕДАКТИРАНО],[3] и без одлагање да достават писмен извештај како потврда за доставувањето или опис на напорите направени да се стори тоа.

Составено на француски и на англиски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 19. јануари 2010,
Во Хаг
Холандија

(своерачен потпис)
Судија Патрик Робинсон
Претседавач

**[Печат на Меѓународниот суд]**

[1] Решение, став 21 (фуснотата е испуштена).
[2] Одговор од Соединетите Американски Држави, стр. 1.
[3] [РЕДАКТИРАНО].